# Апстракт

Нараснатата конкуренција и развојот на пазарниот начин на предвидување, ја поттикнуваат потребата за континуирано согледување на сопствената позиција на секоја бизнис организација. Соочени со се повеќе променливата, турбулентна и комплексна средина, бизнис организациите како императив го прифаќаат стратегискиот менаџмент, а современите менаџери, посебно оние од врвниот менаџмент, неопходно е да поседуваат знаења и вештини за концептите и примената на стратегискиот менаџмент.

Со цел да се утврди, колку актуелните менаџери на малите и средните бизнис организации во Република Македонија, ги применуваат теоретските сознанија за стратегиско менаџирање и кои елементи треба да се применат, усовршат или надградат за да се воспостави модел за стратегиско менаџирање кој би им ја олеснал примената на стратегискиот менаџмент, беше спроведено истражување помеѓу:

- стручни лица- експерти и консултанти во областа на стратегискиот менаџмент, кои имаат практично искуство во работата со бизнис организациите во РМ
- мали и средни бизнис организации од Пелагонискиот регион на РМ

Крајните резултати добиени од спроведените истражувања, заедно со заокружената теориска сублимација на достапната светска литература за стратегиски менаџмент, се искористија за креирање на Модел за стратегиско менаџирање за континуирано подобрување на успешноста на бизнис организацијата со користење на соодветни форми на комуникација и односи со јавноста, кој би се користел во малите и средните бизнис организации во Република Македонија и кој е претставен во оваа докторска дисертација.

Главна цел на моделот е да селектира множество на најнеопходните активности од процесот на стратегиско менаџирање проследени со соодветни инструменти, формулари, шеми и табели, за да овозможи наједноставна примена на моделот низ фазите за формирање, имплементирање и евалуирање на стратегијата за развој во бизнис организациите. Моделот има за цел да го зајакне капацитетот на менаџерите во РМ за стратегиско менаџирање и да ја олесни нивната работа, која е отежната заради притисокот од секојдневните активности и ургентноста на дневните потреби и проблеми.

Моделот е тестиран и анализиран во реални услови. Тестирањето послужи како основа за пресликување на искуството од работата на бизнис организациите во РМ врз дополнување, подобрување, аплицирање како и на согледување на применливоста на моделот. Извлечените заклучоци се базираат врз извршената анализа во реалната секојдневна практика на бизнис организациите и дадени се насоки за подобрување на процесот на стратегиско менаџирање.

Клучни зборови: стратегиски менаџмент; мали и средни бизнис организации; формулирање, имплементирање и евалуирање на стратегијата за развој;

# Abstract

Increased competition and the development of the market way of making predictions increase the need to continuously review the positioning of business organizations. Facing the ever changing, turbulent and complex environment, the business organizations accept and use strategic management, and modern managers, especially those from the top management, need to possess skills and knowledge about the concept and practical application of strategic management.

In order to determine how much the managers of small and medium sized business organizations in Macedonia apply theoretical strategic managing, and determine which elements they should apply, perfect or upgrade in order to develop a model of strategic managing which should facilitate the application of strategic management, a research was conducted amongst:

- experts and consultants in the field of strategic management, which have experience in working with business organizations in Macedonia
- small and medium sized business organization in the Pelagonia region in Macedonia

The final result from the conducted research, along with the outline of the available literature on strategic management, were used in order to create a Model for strategic management for small and medium sized business organizations in Macedonia, which is given in this dissertation.

The main goal of the model is to determine the most important activities in the process of strategic management accompanied by instruments, forms and tables, in order to facilitate a simple application of the model throught the phases of forming, implementation and evaluation of the strategy for development of business organizations. Furthermore the model aims to increase the capacity of the menagers and simplify their jobs, which has been made more difficult as a result of everyday activities' pressures and the urgency of daily needs and problems.

The model has been tested and analysed in practice. The testing served as a basis for using the working experience of business ogranizations in order to supplement, enhance and apply the model, as well as determine its feasibility. The conclusions drawn are based on the analysis of the everyday practices of business organizations and several ways of improving the process of strategic management are given.



Keywords: strategic management; small and medium business organizations; formulation, implementation and evaluation of development strategies.